Врз основа на член 31 став (2) точка 22), а во врска со член 135 став (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија„ бр. 40/2006 и 136/2008), Државната изборна комисија на седницата одржана 13 април 2009 година, ги

# О Б Ј А В У В А
## КОНЕЧНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Државната изборна комисија врз основа на записниците од 84-те општински изборни комисии (Образец број 16А) пресмета и утврди дека од вкупно запишани 1.792.082 (еден милион седумстотини и деведесет и две илјади и осумдесет и два) избирачи, вкупно гласале 764.039 (седумстотини и шеесет и четири илјади и триесет и девет) избирачи, што во проценти изнесува 42,63%.

Според пресметаните и утврдените вкупни резултати од гласањето, Државната изборна комисија утврди дека бројот на гласови што ги добила секоја листа на кандидат за претседател на Република Македонија поодделно изнесува.

1. ЃОРГЕ ИВАНОВ, добил 453.616 (четиристотини и педесет и три илјади и шестотини и шеснаесет) гласа и

2. ЉУБОМИР ДАНАИЛОВ-ФРЧКОСКИ, добил 264.828 (двесте и шеесет и четири илјади и осумстотини и дваесет и осум) гласа.

Државната изборна комисија утврди дека има вкупно 45.589 (четириесет и пет илјади и петстотини осумдесет и девет) неважечки гласачки ливчиња.

Со оглед на тоа што во вториот круг на гласањето одржано на 5 април 2009 година за кандидатот за претседател на Република Македонија Ѓорге Иванов гласале вкупно 453.616 избирачи од вкупно запишаните 1.792.082 избирачи, што во проценти изнесува 42,63%, Државната изборна комисија утврди дека е исполнет условот од член 1 од Амандман XXXI со кој се заменува ставот (5) на членот 81 од Уставот на Република Македонија („Службен весник„ бр. 3/2009) и дека **ЃОРГЕ ИВАНОВ** е избран за претседател на Република Македонија.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА**
**КОМИСИЈА**
Александар Новакоски

**Број** 09 - 2759/1
**13 април 2009 година**
**Скопје**